АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 15.06.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 3201 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво РАДИО ОХРИД ДОО Охрид

3. **Датум на извршување на надзорот:** 13.06.2016 година

4. **Предмет на надзорот:**

Надзорот се врши со цел да се констатира дали радиодифузерот постапил по Решението за преземање мерка – опомена, упатено од страна на Агенцијата по извршен редовен административен надзор. Редовниот надзор над Трговското радиодифузно друштво РАДИО ОХРИД ДОО Охрид беше извршен на 13.04.2016 година и со него беше констатирано дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми, според која радиодифузерите се должни до 31 март во тековната година, на посебен образец пропишан од страна на Агенцијата, да и достават податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети лица и слично), остварени вкупни приходи и расходи во претходната година од обезбедување на дејноста и податоци за просечната гледаност или слушаност во претходната година. Поради тоа, на 15.04.2016 година, а согласно член 15 став 6 од Законот за медиуми, со Решение бр.03-250 Агенцијата писмено го опомена Трговското радиодифузно друштво РАДИО ОХРИД ДОО Охрид и му даде рок од 45 дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми. Во Агенцијата е доставена повратница од Македонска пошта од којашто е видно дека Решението е уредно примено на 18.04.2016 година. Дополнителниот рок од 45 дена истече на 02.06.2016 година.

5. **Претходно изречена мерка:**

Решение за преземање мерка - опомена бр.03-250 од 15.04.2016 година.

## 6. Констатации од надзорот:

Со контролниот надзор е констатирано дека Трговското радиодифузно друштво РАДИО ОХРИД ДОО Охрид **не ја извршило обврската** од член 15 став 1 од Законот за медиуми и во дополнителниот рок од 45 дена којшто му го даде Агенцијата, односно дека не постапило по Решението за преземање мерка - опомена бр.03-250 од 15.04.2016 година.

## 7. Предлог мерка:

Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 15 став 1 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), се дава следната предлог мерка:

- Согласно член 23 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 30 став 1 точка 4 и член 29 став 2 од Законот за медиуми, директорот на Агенцијата да поднесе барање за поведување прекршочна постапка, и

- Согласно член 82 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 15 став 6 од Законот за медиуми, директорот на Агенцијата да достави предлог до Советот за покренување постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ОХРИД ДОО Охрид.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***